58911



ПО ГОЛЕМАТА КРАЖБА НА СКУЛПТУРАТА НА ПОТОЦКИ

# Музејот на современа лошо обезбеден

**Главен проблем е што државата не дава пари за да се подобри безбедносната состојба, вели Емил Алексиев, директор на Музејот**

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Безбедноста на Музејот на современата уметност во Скопје воопшто не е подобрена по кражбата на скулптурата од рускиот уметник Григориј Потоцки, пред два и пол месеца, што беше поставена пред влезот на Музејот. Емил Алексиев, директор на МСУ, вели дека главна причина за тоа е што државата не дава пари да се подобри безбедносната состојба. Во последните четири години Музејот бара пари за електронска заштита.

- Проект имаме, но пари не добиваме. Проектот едноставно се игнорира. Потоа ќе се чудиме кога ќе се случи кражба - вели Алексиев.

Според него, неопходно е Музејот да биде електронски заштитен, не само внатре туку и надвор. Потребни се камери што магнетоскопски снимаат деноноќно, што ќе ги контролираат влезовите и околината на Музејот, за да се гледа што се случува надвор.

- Имаме обврска да контролираме вкупна површина на објектот од 5.560 квадратни метри и уште најмалку трипати поголем простор надвор. Музејот не е заграден, зашто досега немало пари да се постави ограда. Подолго време се обидуваме да направиме парк на скулптурата. Имаме донации што не можеме да ги изложиме - објаснува Алексиев.

МСУ деноноќно го обезбедуваат вооружени чувари, а поврзани се и со приватна служба за обезбедување, кои интервенираат ако има проблеми. Кога чуварите ќе ги алармираат, тие стигнуваат за три минути и упаѓаат во Музејот. Тие имаат движни патроли и вршат надворешно обезбедување.

- Но, не може тоа да го правам перманентно. Да се инсталира во МСУ такво обезбедување, тоа месечно би чинело околу 3.000 евра. Тоа финансиски е неиздржливо - вели Алексиев.

### МУЗЕЈОТ ВО ТЕМНИЦА

Пред пет години во Музејот се поставени сензорски системи што реагираат на какво било движење или промени во просторот. Внатрешноста и депоата се покриени со сензори, а во изложбените сали се поставени камери.

- За жал, камерите се најниското ниво на визуелно набљудување и електронска заштита - објаснува Алексиев.

Музејот се наоѓа во центарот на Скопје. Оттаму за десетина минути се стигнува до плоштадот Македонија. Но Алексиев како еден од главните проблеми ја посочува „специфичната конфигурацијата на теренот“ - околината не е урбанизирана. Под и до Музејот има диви населби.

- Тоа прави проблеми за да се контролира ситуацијата. Како да профункционира парк на скулптура кога Музејот не е ограден? Добивме донација канделабри од Општина Центар, сите беа уништени во рекордно време. Сите се исечени и продадени како старо железо. Се наоѓаме во целосна темнина. Илјадапати сме интервенирале. Праќавме писма, одржувавме состаноци, се договаравме - никој не реагира - револтиран е Алексиев.

Тој смета дека на населението и на луѓето што се собираат навечер околу Музејот не им одговара реонот да биде осветлен. Со камења ги кршат уличните светилки. Новите траат еден ден. Решението е многу едноставно, вели Алексиев, да се стават заштитни мрежи на светилките.

- Тоа е мала инвестиција, но никој не е заинтересиран да ја реализира. А десет пати се даваат пари за нови светилки. Сите тие проблеми се собрани околу Музејот и неговата безбедност - објаснува тој.



Преку ден нема „живо“ пиле, а навечер господарат крадците на железо

### ВАЖНА Е ДРЖАВНАТА РАСПРЕДЕЛБА НА ПАРИТЕ

Сепак, за Алексиев најважно прашање е како државата системски распределува пари. Според него, за структуралните работи треба да се вложат пари што ќе бидат строго наменети за „невралгичните“ точки, таму каде што има проблеми.

- Нема друг начин да се заштитиме, зашто наскоро ќе имаме дополнителни проблеми. Колку и да се трудиме, колку и да сме екипирани, на овие појави не можеме да им се спротивставиме само со физичка заштита. Едноставно не е можно - вели Алексиев.

Сепак, тој смета дека е многу важно што воопшто се начнува ова прашање. Тоа значи дека институциите се свесни и се обидуваат да ги решат проблемите.

- МСУ е национална установа и живее од буџетски пари. Кога проектите ни ги одбиваат, одговорноста е повторно наша, ничија друга. Ние може да сигнализираме, да ги алармираме јавноста и надлежните. Но, надлежните структури во општеството се одговорни да одговорат и да ги кажат причините зошто Музејот не е обезбеден - вели Алексиев.

## Менаџерите ни на небо ни на земја

Не е лесно да се менаџира музеј во држава што е повеќе од 15 години во транзиција, вели Алексиев. Денешната ситуација тој пластично ја објаснува со парадигмата:

- Сте ме фрлиле во бурно море, во една луда трка во која сите очекуваат да победиме, ни велат напред, пливај, а ни ги врзале рацете и нозете со закони и со една затекната состојба. Јас се обидувам да се држам на површината за да не се удавам и да пливам, и да победувам, иако сум врзан, а под водата за нозете ми се влечат триесетина вработени во институцијата, како грозд закачени за мене. И јас треба да го носам сето тоа. А уште на грбот сте ми ставиле бетон од 5.560 квадратни метри, да го износам таков каков што е и никој не помага! Сите стојат настрана и викаат: Пливај! Тоа е ситуацијата во која се наоѓаме и тоа е објективната слика. Ние сме менаџери што се снаоѓаат во едно вакво време, кога работите буквално се ни на небо ни на земја.